**Известување за концентрацијасо којаСОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД, Харјана , Индија, ќе стекне контрола надНОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА, Белград, Република Србија (предмет бр. 08-83/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 13.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација сокоја друштвотоСОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД, со седиште на Сона Енклејв, Вилиџ Бегумпур Кхатола, Сектор 35, Гуруграм, Харјана 122004, Индија има намера да стекне контрола над НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА, со седиште на ул. Вељка Дугошевиќа 54, Белград, Република Србија.Сегашните сопственици на НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА – г-дин ДТ, г-дин ВМ и г-дин ВБ ќе задржат вкупен удел од капиталот на НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА. Трансакцијата крајно ќе резултира со заедничка контрола помеѓу СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД, и ДТ, ВМ и ВБ.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД** е производител на автомобилски системи и компоненти и обезбедувач на решенија за автомобилска технологија активен на светско ниво. СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД и неговата корпоративна групација на компании („Групација на Стекнувач“) спроведуваат различни активности во автомобилскиот сектор како што се дизајн, производство, продажба и маркетинг на прецизно ковани запчаници, диференцијални склопови, автомобилски системи, мотори, контролери и други апликации.

Групацијата на Стекнувачот е присутна во Индија, Хонгконг, САД, Мексико и Кина.

Ниту СОНА БЛВ ПРЕСИЖЕН ФОРГИНГС ЛИМИТЕД , ниту било кој член на неговата корпоративна групација нема присуство во Северна Македонија, ниту врши продажба или други активности на кој било македонски пазар.

**НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА**и неговата групација дејствуваат на полето на производство на “mmWave” радарски сензори и други дополнителни решенија во секторот на радари, како што се радарски платформи и “ADAS” (*Advanced driver-assistance systems*) решенија.

НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА има седиште во Србија и е мајка компанија на неколку зависни друштва во ЈИЕ („Групација на Целно Друштво“). Групацијата на Целното Друштво ги нуди своите операции и услуги во Србија, ЈИЕ како и во светот.

НОВЕЛИЦ Д.О.О. БЕОГРАД-ЗВЕЗДАРА има едно зависно друштво основано во Северна Македонија Друштво за компјутерско програмирање НОВЕЛИЦ ЕСЦ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Партизански одреди бр.63, Скопје.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**15.06.2023 година**
**Скопје**